Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Punës dhe Politikës Sociale**

MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

- Одделение за јавни набавки -

Архивски број: 02-1140/5
Датум:

18-04-2024

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија„ бр.58/2000, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 ) и член 114 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија„ бр. 24/2019 и 87/2021), Министерот за труд и социјална политика, донесе:

ОДЛУКА
за поништување на јавна набавка за изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во општина Пробиштип

1. Постапката за доделување на договор за јавна набавка на работи спроведена преку ЕСЈН како отворена постапка, по оглас бр. 00797/2024 со предмет: Изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во општина Пробиштип, спроведена согласно член 41 став (1) и (2), член 50 и член 59 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), **се поништува** согласно член 114 став 1 алинеја 2 од ЗЈН ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и 87/2021), од причина што не е поднесена ниту една прифатлива понуда, односно најниската понуда после електронска аукција е со цени повисоки од проценетата вредност.
2. Постапката за доделување на договор за јавна набавка се спроведе согласно одредбите од Законот за јавни набавки како отворена постапка, која се спроведува со користење на електронски средства и завршува со спроведување на електронска аукција.
3. Се задолжува Комисијата за јавни набавки да ја спроведе оваа одлука.
4. За содржината на оваа одлука да се известат сите учесници во постапката.
5. Се задолжува Комисијата за јавни набавки да спроведе нова постапка за јавна набавка на работи со предмет: Изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- Одделение за јавни набавки -

Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во општина Пробиштип.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на конечноста на одлуката.

*Образложение*

Министерството за труд и социјална политика, спроведе постапка за јавна набавка на работи како отворена постапка со одлука за отпочнување на постапка арх. бр. 02-1140/1 од 24.01.2024 година, која се спроведе преку ЕСЈН по оглас број 00797/2024 со предмет: Изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во општина Пробиштип.

Предметот на договорот не е поделен на делови.

Критериум за избор на најповолна понуда утврден со тендерската документација е цената.

Во рокот утврден како краен рок за доставување на понудите 26.02.2024 година, пристигнати се 8 (осум) понуди доставени од понудувачите:

- Друштво за производство трговија угостителство градежништво и услуги АТРИУМ ДООЕЛ увоз-извоз Вевчани -Вевчани
- Друштво за производство,градежништво,трговија и услуги НЕТ ИНВЕСТ ГРОУП ДООЕЛ експорт- импорт с.Слатино-Теарце
- Друштво за производство,градежништво,промет и услуги КВАЛИТЕТ БЕТОНИДА ДООЕЛ увоз-извоз Тетово
- Друштво за промет, производство, транспорт и услуги МАКАУС Благоја ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
- Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕЛИН-БИЛД КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје
- Друштво за производство трговија и услуги ТЕМАТО ДОО Скопје
- Друштво за производство, промет, проектирање, монтажа и инсталирање, инжењеринг ПРОМОНТИНГ ДООЕЛ Скопје
- Друштво за производство, промет и услуги ИБО ПОД увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

Комисијата пристапи кон проверка дали е објавена негативна референца на понудувачите во ЕСЈН и изготви Записник од јавно отворање со број 02-1140/2 од 26.02.2024 година.

По проверка на комплетноста и валидноста на доставената документација и по извршената евалуација на понудите, Комисијата за јавни набавки констатира дека доставените понуди на следните понудувачи се прифатливи и преку ЕСЈН ги покани да учествуваат на електронска аукција на ден 09.04.2024 година:

- Друштво за производство трговија угостителство градежништво и услуги АТРИУМ ДООЕЛ увоз-извоз Вевчани -Вевчани
- Друштво за производство,градежништво,промет и услуги КВАЛИТЕТ БЕТОНИДА ДООЕЛ увоз-извоз Тетово, и
- Друштво за градежништво, трговија и услуги ЕЛИН-БИЛД КОМПАНИ ДООЕЛ Скопје

По завршувањето на електронската аукција, од страна на Комисијата за јавни набавки констатирано е дека конечните понуди се со цени повисоки од проценетата вредност.

Согласно Извештајот за текот на електронската аукција, Извештајот од спроведена постапка бр. 02-1140/4 од 15.04.2024 година, Комисијата за јавни набавки даде предлог на Министерот за труд и социјална политика да ја поништи постапката по оглас број 00797/2024 со предмет: Изведувањето на градежни работи, измени во тек на градба за адаптација со пренамена на јужно крило на Здравствен дом „Нада Михајлова" во Дом за стари лица во општина Пробиштип, согласно член 114 став 1 алинеја 2 од ЗЈН ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и 87/2021), од причина што не е поднесена ниту една прифатлива понуда, односно најниската понуда после електронска аукција е со цени повисоки од проценетата вредност.

Имајќи го предвид горенаведеното и предлогот на Комисијата за јавни набавки, Министерот за труд и социјална политика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

<u>Упатство за правно средство:</u>

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ" бр. 24/19 и 87/21), може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка (член 138 став 1), во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на евалуацијата на понудите во согласност со член 143 од законот.

Жалбата се изјавува согласно одредбите на член 142 од Законот за јавни набавки, во електронска форма.
Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.

Министер
Ѓоко Велковски

Gjoko Velkovski
Digitally signed by Gjoko Velkovski
Date: 2024.04.18 14:13:22 +02'00'

Изработил: Благица Мирчевска, Раководител на одделение
Одобрил: Славица Костовска, Раководител на сектор